# АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**2549.**

Врз основа на член 10 став (2) и член 118 став (2) од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/24), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ДИСПЕЧЕРИ НА ЛЕТ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот и посебните услови за стручно оспособување на лица одговорни за подготовка, испраќање и следење на лет (диспечери на лет), утврдување на стручната оспособеност, стекнување на соодветните исправи и формата, содржината, евиденцијата и постапката за нивно издавање, продолжување, обновување или промена, како и за признавање на стекнатата стручна оспособеност, положените испити, односно стекнатите исправи.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1) **работи на диспечер на лет** се задачи во врска со подготовка, испраќање и следење на лет, односно со утврдување на условите за лет, постапките за подготвување на лет и контрола над одредени аспекти на летот кои може да ги извршува лице кое поседува важечка дозвола на диспечер на лет;

2) **диспечер на лет** е лице кое врз основа на дозвола за диспечер на лет може да извршува работи на подготовка, испраќање и следење на лет;

3) **дозвола за диспечер на лет** е исправа со која се потврдува дека лицето имател на дозволата е оспособено за вршење на работи на подготовка, испраќање и следење на лет, а кои се од значење за безбедноста на воздухопловството;

4) **оператор на воздухоплов** е секое правно или физичко лице кое работи или планира да работи со еден или повеќе воздухоплови;

5) **оперативен прирачник** е прирачник кој содржи процедури, инструкции и упатства кои оперативниот персонал ги користи при извршување на своите должности;

6) **програма за обука** (Training Programme) е документ кој содржи детали и упатства за содржината и времетраењето на стручното оспособување на кандидати за диспечери на лет во врска со подготовка, испраќање и следење на летот;

7) **инструктор на диспечери на лет** е лице кое има овластување запишано во дозволата, со кое што се утврдени посебните услови, права или ограничувања што се однесуваат на стручното оспособување на кандидати за диспечери на лет во врска со подготовка, испраќање и следење на летот и

8) **овластен испитувач (examiner) на диспечери на лет** е лице кое има посебно овластување за испитувач на диспечери на лет и кое спроведува практичен испит за стекнување на дозвола за диспечер на лет.

### II. СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ

#### 1. Посебни услови за стручно оспособување

Член 3

(1) Стручната оспособеност на диспечери на лет се стекнува во овластени организации или центри за обука кои треба да ги исполнуваат потребните услови пропишани со овој правилник.

(2) Организациите или центрите за обука на диспечери на лет можат да се формираат како самостојни правни субјекти или во состав на комерцијални или некомерцијални (CAT/NCC) оператори на воздухоплов.

Член 4

(1) За да вршат теоретска (ab-initio) обука на диспечери на лет организациите или центрите за обука со седиште во Република Северна Македонија треба да имаат уверение за вршење на обука издадено од Агенцијата за цивилно воздухопловство (во понатамошниот текст: Агенција).

(2) За да добијат уверение за вршење на обука, организациите или центарите за обука треба да ги исполнуваат следните посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење:

- да имаат програма за обука (Training Programme) согласно Анекс 1, дел 4.6 на Меѓународната конвенција за цивилно воздухопловство на ICAO и ICAO Doc. 10106 - Manual on Flight Operations Officers/Flight Dispatchers Competency-based Training and Assessment;
- да имаат оперативен прирачник за спроведување на обуката одобрен од Агенцијата;
- да имаат соодветна организациона поставеност и раководна структура на организацијата или центарот за обука;
- да имаат доказ за сопственост или договор за користење на просториите, опрема за извршување на обуката (каде е применливо);
- да имаат документи за евиденција на обуката, и тоа: регистар на ученици-кандидати, дневник за евиденција на теоретската обука, дневник за практичната обука (on job training log book) и соодветни обрасци и записи;
- да имаат доволен број на стручен персонал за обука и проверки (инструктори/или испитувачи);
- да имаат стручна литература согласно одобрената програма за обука и
- да имаат простории за изведување на теоретската обука со потребна опрема и училница за стручниот персонал (инструктори), простории за сместување на опремата, наставни помагала, школска документација – архива и библиотека.

(3) Програмата за обука од став (2) алинеја 1 на овој член треба да биде одобрена од Агенцијата и истата како минимум треба да опфаќа: насловна страна, содржина, листа на измени, цел и времетраење на обуката, теоретски и практичен дел.

(4) Програмата за обука се доставува до Агенцијата на одобрување во два примерока и истата треба редовно да се ажурира.

(5) Со прирачникот за спроведување на обуката од став (2) алинеја 2 на овој член се утврдува начинот на спроведување на обуката (теоретска и практична), фазите, стандардите, системот и постапките кои се спроведуваат во текот на обуката и начинот на водење на евиденцијата за реализација на обуката.

(6) Прирачникот за спроведување на обуката особено содржи: насловна страна, содржина, листа на измени, план за реализација на обуката по фази, програма за обука разработена по вежби со методика, упатства за начин на изведување, користење на наставни помагала, спроведување на контролни проверки и следење на прогресот во обуката на кандидатот.

(7) Практичната обука се спроведува во активен/оперативен – диспечерски центар во рамките на оператор на воздухоплов од страна на лица кои поседуваат овластување за инструктор на диспечери на лет според план изготвен врз основа на одобрената програма за обука или со оператор во случај кога организацијата или центарот за обука е самостојно правно лице.

(8) Активниот оперативен – диспечерски центар од став (7) на овој член треба да ги исполнува потребните услови за спроведување на практичната обука, односно да има: оперативен прирачник изготвен согласно ЕУ Регулативата 965/2012, просторни капацитети, стручен персонал, стручна литература, Зборник на воздухопловни информации (AIP), патен прирачник (airway manual), електронски/рачен навигациски калкулатор со упатство за користење, просторни и рутни карти, глобус, макети, процедури, цртежи, аудио-визуелни средства и друга потребна опрема и наставни помагала.

Член 5

Организацијата или центарот за обука на диспечери на лет треба пред почетокот на обуката да му обезбеди на кандидатот (во електронска или хартиена форма) стручна литература, системи за планирање (каде е применливо), документи и други материјали кои се неопходни за спроведување на обуката.

**2. Форма, содржина, евиденција и постапка за издавање, продолжување, обновување или промена на уверението за вршење на обука на диспечери на лет**

Член 6

(1) За издавање, продолжување, обновување или промена на уверението за вршење на обука на диспечери на лет, организациите или центрите за обука поднесуваат барање до Агенцијата, со кое се приложуваат докази дека се исполнети условите за добивање на уверение за вршење на обука согласно член 4 од овој правилник.

(2) Барањето за продолжување на уверението за вршење на обука се поднесува најмалку 30 дена пред истекот на важноста на уверението, а за обновување најдоцна 30 дена по истекот на важноста на уверението.

(3) Доколку организацијата или центарот за обука не поднесе барање за продолжување или обновување во роковите утврдени во став (2) на овој член, уверението се смета за повлечено.

Член 7

(1) Агенцијата по приемот на барањето, врши проверка дали е уплатена административна такса и надоместок за издавање, продолжување, обновување или промена на уверението за вршење на обука на диспечери на лет пропишан со Тарифникот на Агенцијата, проверка на приложената документација и врши оперативна проверка (надзор) со цел да се утврди дали организацијата или центарот за обука ги исполнува условите и техничките можности за вршење обука на диспечери на лет.

(2) Проверките од став (1) на овој член се вршат и при продолжување, обновување или промена на уверението.

(3) При извршување на проверките од став (1) на овој член Агенцијата користи листи за проверки претходно изготвени согласно документацијата и податоците кои се проверуваат.

(4) Доколку со проверките од став (1) на овој член се утврди дека одредена организација или центар за обука ги исполнува условите за вршење обука на диспечери на лет Агенцијата донесува решение за издавање, продолжување, обновување или промена на уверението кое заедно со уверението за вршење на обука му се доставуваат на барателот.

(5) Доколку се утврди дека одредена организација или центар за обука не ги исполнува условите за вршење обука на диспечери на лет, Агенцијата ќе го одбие барањето за издавање, продолжување, обновување или промена на уверение за вршење на обука со решение кое ги содржи причините за одбивањето.

Член 8

(1) На организации или центри за обука, уверението за вршење обука на диспечери на лет им се издава на образец даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

(2) Уверението за вршење на обука на диспечери на лет се издава со рок на важење од две години.

(3) Кон уверението за вршење обука на диспечери на лет од став (2) на овој член, се издава додаток на уверението со детали и спецификации на овластувањата за вршење на одобрените обуки даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

(4) За издадените уверенија за вршење на обука на диспечери на лет се води евиденција во Агенцијата.

(5) Евиденцијата од став (4) на овој член содржи податоци за организацијата или центарот за обука на диспечери на лет, како и контакт телефони и адреси на одговорните лица.

**3. Начин на вршење на обука на диспечери на лет**

Член 9

(1) Обуката за стручно оспособување за диспечери на лет, има за цел да ги оспособи лицата кандидати за диспечери на лет со неопходното знаење, рутина и вештина за стекнување на дозвола и/или соодветно овластување.

(2) Обуката од став (1) на овој член се состои од основна теоретска (ab-initio) обука, практична обука и обука за обнова или реквалификација (renewal or requalification training) на диспечери на лет.

(3) Обуката од став (1) на овој член се спроведува во обем и на начин утврден во програмата за обука која се изготвува согласно Анекс 1, дел 4.6 на Меѓународната конвенција за цивилно воздухопловство на ICAO, ICAO Doc 10106 - Manual on Flight Operations Officers/Flight Dispatchers Competency-based Training and Assessment и ICAO Doc 9868 – Procedures for Air Navigation Services – Training.

**3.1. Основна теоретска (ab-initio) обука**

Член 10

За да биде примен на основна теоретска (ab-initio) обука, кандидатот за диспечер треба да има:

- најмалку 18 години;
- познавање на англиски јазик најмалку пред оперативно ниво 3 според скалата на ICAO или познавање на англиски јазик од најмалку ниво Б2 според европската рамка (CEFR – Common European Framework of Reference for Languages);
- лекарско уверение за здравствена способност од најмалку класа 4 и
- завршено средно образование.

Член 11

(1) Основната теоретска (ab-initio) обука има за цел да го оспособи кандидатот за диспечер на лет со основни стручни знаења и вештини неопходни за започнување на практичната обука.

(2) Основната теоретска (ab-initio) обука кандидатот треба успешно да ја заврши во времетраење од шест месеци од почетокот на обуката.

(3) Основната теоретска (ab-initio) обука се смета за успешно завршена ако кандидатот покаже успех од минимум 75% од секој предмет од обуката поединечно.

**3.2 Практична обука**

Член 12

(1) Практичната обука има за цел да го оспособи кандидатот за диспечер на лет со потребните практични знаења, вештини и способности за стекнување на дозвола за диспечер на лет и вршење на работи на диспечер на лет.

(2) Кандидатот за диспечер на лет треба да ја започне практичната обука не подоцна од шест месеци од завршувањето на основната теоретска (ab-initio) обука.

(3) Практичната обука трае најмалку 90 работни дена и кандидатот за диспечер на лет треба да ја заврши во рок од 12 месеци од завршувањето на основната теоретска (ab-initio) обука, во спротивно треба повторно да ја заврши основната теоретска (ab-initio) обука од член 11 на овој правилник.

(4) Практичната обука се смета за успешно завршена ако кандидатот за диспечер на лет ги заврши сите елементи од практичниот дел на програмата за обука, што се потврдува со поднесен план за практична обука за секој кандидат, пополнет, потпишан и заверен од овластен инструктор на диспечери на лет (On Job Log Book).

**3.3 Обука за обнова или реквалификација (renewal or requalification training)**

Член 13

(1) Обуката за обнова или реквалификација (renewal or requalification training) е обука за повторно доведување на стручноста и компетентноста на диспечерите на лет на кои им истекла дозволата, на ниво потребно за извршување на работи на диспечер на лет.

(2) Обуката од став (1) на овој член се состои од теоретска и практична обука.

(3) Теоретската обука за обнова или реквалификација (renewal or requalification training) ги опфаќа истите предмети како и основната теоретска (ab-initio) обука, но во помал обем и фонд на часови.

(4) Практичната обука за обнова или реквалификација (renewal or requalification training) ја спроведува лице кое поседува овластување инструктор на диспечери на лет и истата се спроведува во активен/оперативен – диспечерски центар.

(5) Практичната обука од став (4) на овој член треба да биде завршена во рок од 30 дена од завршување на теоретската обука за обнова или реквалификација (renewal or requalification training) и да трае најмалку 40 работни часа, во спротивно кандидатот треба повторно да ја заврши теоретската обука за обнова или реквалификација (renewal or requalification training) од став (3) на овој член.

**4. Евиденција која ја води организацијата или центарот за обука**

Член 14

(1) Организациите или центрите за обука на диспечери на лет водат посебно досие за секој кандидат кој посетувал обука во кое се наведуваат личните податоци на кандидатот, пријава за обука, решение за прием на обука, копија од договор за вработување или ангажирање, биографија (CV), копија од уверението за инструктор, копија од лекарско уверение за здравствена способност, копија од уверение за познавање на англиски јазик, податоци за траење на обуката, податоци за инструкторите кои ја вршеле обуката, за положените испити, картон за школување и степенот на оспособување.

(2) Организациите или центрите за обука на диспечери на лет водат и:

- регистар на ученици (заверен во Агенцијата);
- дневник на теоретска настава;
- дневник на практична обука;
- индивидуални планови за практична обука (Log book);
- евиденција за спроведени обуки (редовни и дополнителни);
- евиденција за издадени потврди за завршени обуки;
- листа на стручен персонал кој ја извршува обуката и проверките и
- друга потребна евиденција и документација за работа во организацијата или центарот за обука.

Член 15

(1) Организациите или центрите за обука на секој кандидат му издаваат потврда за секоја поединечна обука која кандидатот ја има завршено кај нив.

(2) Потврдата од став (1) на овој член содржи: име на организацијата или центарот за обука, лични податоци за кандидатот, податоци за обуката која што ја завршил кандидатот, датум на почеток и завршување на обуката, оценки по предметите и општиот успех на кандидатот.

## III. УТВРДУВАЊЕ НА СТРУЧНА ОСПОСОБЕНОСТ

### 1. Полагање на испит за стекнување на дозвола за диспечер на лет и/или овластувања

Член 16

(1) Кандидатот за стекнување на дозвола за диспечер на лет и/или овластување за инструктор и/или испитувач на диспечер на лет поднесува барање до Агенцијата за полагање на испитот за стекнување на таа дозвола и/или овластување.

(2) Со барањето од став (1) на овој член, кандидатот за полагање на испит за стекнување на дозвола за диспечер на лет поднесува докази дека ги исполнува следните услови:

а) има завршено факултет за воздушен сообраќај и транспорт (VII/1) и една година работно искуство (стажирање) во вршење на работни задачи на асистент/помошник диспечер на лет кај оператор на воздухоплови кои вршат воздушен транспорт под надзор на диспечер на лет со важечка дозвола; или има вкупно две години работно искуство во вршење на една или комбинација од следните работни ангажмани: член на летачки екипаж, метеоролог кој дава поддршка во оперативна контрола на превозник со воздухоплови, контролор на летање, или технички персонал кој дава поддршка на диспечери на лет (офицери за летачки операции / Flight operations officer); или има завршено теоретска и практична обука согласно овој правилник,

б) има лекарско уверение за здравствена способност класа 4;

в) има познавање на англиски јазик најмалку ниво Б2 според европската рамка (CEFR Common European Framework of Reference for Languages) или оперативно ниво 4 на ICAO и

г) има платено административна такса и надоместок за издавање на дозвола и/или овластување утврден со Тарифникот на Агенцијата.

(3) Со барањето од став (1) на овој член, кандидатот за стекнување на овластување за инструктор на диспечер на лет поднесува докази дека ги исполнува условите од член 21 став (2) на овој правилник.

(4) Со барањето од став (1) на овој член, кандидатот за стекнување на овластување за испитувач на диспечер на лет поднесува докази дека ги исполнува условите од член 21 став (3) на овој правилник.

Член 17

(1) Агенцијата, по приемот на барањето за полагање на испит, врши проверка дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испит од член 16 на овој правилник.

(2) Ако се утврди дека кандидатот ги исполнува пропишаните услови, Агенцијата во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето донесува решение за одобрување на полагање на испитот во кое се одредува денот и местото на полагање на испитот.

(3) Полагањето на испитот не може да биде одредено во рок помал од десет дена од денот кога решението од став (2) на овој член му било доставено на кандидатот.

(4) Ако Агенцијата утврди дека кандидатот не ги исполнува пропишаните услови за полагање на испитот, донесува решение за одбивање на барањето кое ги содржи причините за одбивањето.

Член 18

(1) Испитот за стекнување на дозвола на диспечер на лет се состои од теоретски и практичен дел.

(2) Теоретскиот дел на испитот од став (1) на овој член го спроведува Агенцијата врз основа на претходно подготвена листа на прашања.

(3) Практичниот дел од испитот од став (1) на овој член го спроведува овластен испитувач на диспечери на лет.

(4) Полагањето на практичниот дел од испитот кандидатот може да го повтори најмногу три пати во рок не подолг од девет месеци.

(5) За испитувач на диспечери на лет не може да се назначи лице кое ја вршело обуката на кандидатот за стекнување на дозвола на диспечер на лет.

(6) Испитот за стекнување на овластување инструктор за диспечер на лет се состои од теоретски дел и опфаќа две тематски области: методика на настава и воздухопловни прописи и истиот го спроведува Агенцијата. Испитот се смета дека кандидатот го положил доколку покаже успех од најмалку 75% по секој предмет поединечно.

(7) Испитувачите во рок од седум дена од денот на завршувањето на испитот ги доставуваат до Агенцијата испитните листи и материјали од одржаниот испит.

Член 19

(1) Теоретскиот дел од испитот за стекнување на дозвола на диспечер на лет ги опфаќа предметите наведени во Анекс 1, дел 4.6 на Меѓународната конвенција за цивилно воздухопловство и ICAO Doc. 10106 – Manual on Flight Operations Officers/Flight Dispatchers Competency-based Training and Assessment, и тоа:

1. Воздухопловни правила и прописи (Air law);
2. Општо познавање на воздухоплови (Aircraft general knowledge and instrumentation);
3. Перформанси и калкулации на лет, процедура за планирање на лет и товарење (Flight Performance calculations, Planing procedures and loading);
4. Маса и центража (Mass and balance);
5. Човечки особини/перформанси вклучувајќи и принципи на управување со закани и грешки (Human factors in aviation (HF – Human Factors/ DRM-Dispatch Resource Management);

6. Метеорологија (Meteorology);
7. Навигација (Navigation);
8. Оперативни процедури (Operational procedures);
9. Принципи на лет (Principles of flight) и
10. Радио комуникација (Radio Communication).

(2) Теоретскиот дел од испитот се полага писмено со користење на тестови со повеќекратен избор на одговори. Теоретскиот испит се смета дека кандидатот го положил доколку покаже успех од најмалку 75% по секој предмет поединечно, при што полагањето може да се организира во најмногу шест излегувања на испит во рок од 18 месеци сметајќи од датумот на првиот испит и еден ист предмет кандидатот може да го полага најмногу четири пати.

(3) Доколку кандидатот не го положи теоретскиот дел од испитот во роковите од став (2) на овој член, се смета дека испитот не е положен во целост.

(4) Доколку кандидатот за стекнување на овластување инструктор за диспечери на лет не положи еден предмет од теоретскиот дел од испитот, се смета дека испитот не е положен во целост.

(5) Доколку постои потреба, при полагање на теоретскиот дел од испитот кандидатот може да користи калкулатор.

Член 20

(1) Практичниот дел од испитот за стекнување на дозвола на диспечер на лет се полага по успешно положен теоретски дел и се состои од решавање задачи кои ги опфаќаат елементите кои се потребни за извршување на конкретниот лет во реални услови, и тоа:

- анализа на ограничувањата за конкретен аеродром со дадените услови и пресметка на максимален корисен товар за тој тип на авион и за тој лет;
- пресметка на тежина и центража;
- анализа на NOTAM, ATC слотови и метео ситуации;
- изработување на оперативен навигациски план;
- пресметка за минимално количество на гориво за тој лет и
- донесување на одлуки за извршување на лет во дадени услови.

(2) При спроведување на практичниот дел од испитот, за одредени постапки во извршување на должноста диспечер на лет може да се спроведе симулирање на потребните услови.

(3) Се смета дека кандидатот го положил практичниот дел од испитот доколку успешно ги решил сите елементи од поставените задачи од став (1) од овој член.

(4) Доколку кандидатот не го положи практичниот дел од испитот во рокот од член 18 став (4) на овој правилник, се смета дека испитот не е положен во целост.

## IV. СТЕКНУВАЊЕ НА ДОЗВОЛА И/ИЛИ ОВЛАСТУВАЊА

### 1. Посебни услови за стекнување на дозвола и/или овластувања

Член 21

(1) Дозвола на диспечер на лет може да стекне лице кое ги исполнува следните услови:

1. има најмалку 21 година;
2. поседува потврда за завршено најмалку средно образование;
3. поседува потврда за завршена теоретска и практична обука согласно овој правилник;
4. има потврда за положен испит за стекнување дозвола на диспечер на лет;
5. има работно искуство согласно член 16 став (2) на овој правилник;
6. поседува важечко лекарско уверение за здравствена способност класа 4 и
7. има познавање на англиски јазик согласно член 10 на овој правилник.

(2) Овластување инструктор за диспечери на лет може да стекне лице кое ги исполнува следните услови:

1. поседува важечка дозвола на диспечер на лет,
2. ги има положено испитите од член 18 став (6) од овој правилник, или има завршено курс за инструктор (Instructor Course) во овластена организација или има овластување за инструктор на лет (пилот инструктор-Flight Instructor) и
3. има најмалку пет години работно искуство како диспечер на лет или најмалку три години работно искуство како диспечер на лет и минимум две години искуство како метеоролог, контролор на летање или пилот на авион.

(3) Посебно овластување за испитувач за диспечери на лет може да стекне лице кое ги исполнува следните услови:

1. поседува/поседувал дозвола за диспечер на лет и има најмалку три години искуство како инструктор за диспечер на лет, или
2. поседува/поседувал дозвола за диспечер на лет и има најмалку две години работно искуство како диспечер на лет и минимум две години искуство како контролор на летање или пилот на авион, или
3. поседува/поседувал дозвола за диспечер на лет и има овластување за испитувач на лет - пилот (examiner).

### 2. Форма, содржина, евиденција и постапка за издавање, продолжување, обновување или промена

Член 22

Дозволата на диспечерите на лет треба како минимум да ги содржат следните податоци:

I. Лого и име на Агенцијата/Logo and name of Agency,
II. Име на дозвола / License title,
III. Број на дозвола / License number,
IV. Држава на издавање / State of issue,
V. Име и презиме на носител на дозволата/ Name and surname of license holder,
VI. Датум и место на раѓање / Date and place of birth,
VII. Адреса на живеење / Address (применливо во хартиен облик на дозвола),
VIII. Државјанство/ Citizenship,
IX. Потпис на носителот / Holder’s signature (применливо во хартиен облик на дозвола),
X. Датум на прво издавање / Date of first issue

XI. Датум на важење / Valid until (потпис и печат - применливо во хартиен облик на дозвола)

XII. Овластување за инструктор и датум на стекнување / Instructor endorsement and date,

XIII. Посебно овластување-испитувач / Special endorsement-examiner и

XIV. Забелешки / Remarks.

Член 23

Агенцијата согласно член 118 став (2) од Законот за воздухопловство и овој правилник ги издава, продолжува, обновува или променува дозволите за диспечер на лет и/или соодветните овластувања.

Член 24

(1) За издавање, продолжување, обновување или промена на дозвола за диспечер на лет и/или соодветните овластувања, кандидатот поднесува барање до Агенцијата, кон кое се приложуваат докази дека се исполнети условите пропишани со овој правилник.

(2) Агенцијата по приемот на барањето, врши проверка дали е уплатена административната такса и надоместокот утврден со тарифникот на Агенцијата и проверка на приложената документација.

(3) При извршување на проверките од ставот (2) на овој член Агенцијата користи листи за проверки претходно изготвени согласно документацијата и податоците кои се проверуваат.

(4) Доколку со проверките од ставот (3) на овој член Агенцијата утврди дека кандидатот ги исполнува условите пропишани со овој правилник донесува решение за издавање, продолжување/обновување или промена на дозволата на диспечер на лет кое заедно со дозволата и/или соодветните овластувања му се доставуваат на кандидатот.

(5) Доколку Агенцијата утврди дека кандидатот за диспечер на лет не ги исполнува условите за издавање, продолжување/обновување или промена на диспечер на лет и/или соодветните овластувања пропишани со овој правилник со решение ќе го одбие барањето кое ги содржи причините за одбивањето.

Член 25

Дозволата на диспечер на лет и овластувањето инструктор на диспечер на лет се издаваат со важност од три години. Посебното овластување испитувач на диспечер на лет се издава со неограничена важност додека не биде суспендирано или повлечено од страна на Агенцијата.

Член 26

(1) Барање за продолжување на важноста на дозволата на диспечер на лет и/или овластувањето инструктор за диспечер на лет се поднесува најмалку 30 дена, но не повеќе од 60 дена, пред истекот на важноста на дозволата и/или овластувањето.

(2) Лицето кое поднесува барање за продолжување на важноста на дозволата и/или на овластувањето инструктор за диспечер на лет доставува:

1. важечка дозвола за диспечер на лет;

2. потврда дека во последните три месеци пред истекот на дозволата и/или овластувањето има успешно завршено редовна проверка на стручност и компетентност согласно член 27 на овој правилник која следи по освежување на знаењата за одржување на компетентноста кое се врши на работно место под надзор на инструктор на диспечери на лет во период од најмалку еден ден, каде кандидатот треба да набљудува (опсервира) извршување на работни активности на конкретни операции на летање со цел;

3. лекарско уверение за здравствена способност класа 4 и

4. потврда за познавање на англиски јазик согласно член 10 на овој правилник.

(3) Доколку во текот на важењето на дозволата, имателот на дозволата имал прекин во вршење на работи на диспечер на лет подолго од 12 месеци, покрај доказите од став (2) на овој член доставува и потврда за завршена обука за обнова или реквалификација (renewal or requalification training).

Член 27

(1) Имателот на дозвола на диспечер на лет треба на секои 12 месеци да помине редовна проверка на стручноста и компетентноста.

(2) Редовната проверка од став (1) на овој член се врши од страна на инструктор на диспечери на лет и опфаќа усно испитување и практична вежба. Редовна проверка како минимум ги содржи следните елементи:

- Познавање на Оперативните прирачници на компанијата;
- Познавање на воздухопловни правила и прописи;
- Познавање на процедурите на операторот;
- Перформанси на воздухоплови;
- Анализа на метеорологија;
- Анализа на NOTAM-и;
- Припрема на навигациски планови за летање и пресметка на гориво;
- Следење на сообраќајот;
- Комуникации;
- Minimum Equipment List (MEL) и Configuration Deviation List (CDL);
- Анализа услови и состојба на рути и аеродроми;
- Пред-полетен брифинг на посада;
- План за дејствување во вонредни ситуации и
- Брифинг при промена на смена.

(3) Резултатите од проверката се впишуваат на соодветен образец и се оценуваат со:

- Стандард - успешно;
- Стандард со брифинг и повторување на елементи (доколку е потребно), или
- Под стандард - неуспешно.

(4) Проверката се смета за успешно завршена доколку ниту еден од елементите од став (2) на овој член не е оценет како под-стандард.

Член 28

(1) Лицето што нема да ја продолжи важноста на дозволата во рокот од член 26 став (1) на овој правилник, може да ја обнови дозволата ако успешно ја заврши обу-

ката за обнова или реквалификација (renewal or requalification training) и успешно ја помине проверката на стручност и компетентност од член 27 на овој правилник, доколку од истекот на важноста на дозволата не поминале повеќе од три години.

(2) Доколку од истекот на важноста на дозволата поминале повеќе од три години, лицето кое поднесува барање за обновување на дозволата на диспечер на лет треба повторно да заврши основна теореска (ab-initio) обука за стекнување на дозвола/овластување и да полага теоретски и практичен испитот за стекнување на дозвола на диспечер на лет.

(3) Лицето што нема да ја продолжи важноста на овластувањето инструктор на диспечер на лет, во рокот од член 26 став (1) на овој правилник може да го стори со исполнување на условите од член 21 став (2) на овој правилник.

Член 29

(1) Дозволата на диспечер на лет ќе се замени со нова дозвола доколку:

- имателот на дозволата ја изгуби или на друг начин остане без неа;
- дозволата е оштетена до тој степен што не е веќе употреблива или е доведена во неугледна состојба како јавен документ;
- сите рубрики предвидени за продолжување на дозволата се пополнети;
- дошло до промена на личните податоци на имателот на дозволата или
- дошло до промена на образецот на дозволата.

(2) Доколку имателот на дозволата ја изгуби или на друг начин остане без дозволата, со барањето за издавање на нова дозвола треба да приложи доказ дека дозволата ја огласил во службен весник како изгубена согласно член 123 од Законот за воздухопловство.

Член 30

Агенцијата води евиденција за издадените дозволи и овластувања на начин утврден со внатрешни процедури.

**3. Вонредни проверки**

Член 31

Постапката за вонредна проверка ја спроведува Агенцијата, врз основа на предлог мерките утврдени од страна на воздухопловен инспектор согласно член 122 од Законот за воздухопловство.

V. ПРИЗНАВАЊЕ НА СТЕКНАТА СТРУЧНА ОСПОСОБЕНОСТ, ПОЛОЖЕНИ ИСПИТИ ОДНОСНО ДОЗВОЛИ И/ИЛИ ОВЛАСТУВАЊА

Член 32

Завршена обука, програми за обука, положени испити и стекнати дозволи и овластувања во странство се признаваат доколку во постапка која ја води Агенцијата се утврди дека се спроведени по програма изработена во согласност со Анекс 1, дел 4.6 на Меѓународната конвенција за цивилно воздухопловство и ICAO Doc 10106 - Manual on Flight Operations Officers/Flight Dispatchers Competency-based Training and Assessment.

Член 33

(1) Лицето кандидат за признавање на завршена обука и програми за обука, положени испити, стекната дозвола и овластувања во странство поднесува барање до Агенцијата.

(2) Со барањето за признавање на завршена обука во странство се доставуваат следните документи:

- доказ дека центарот или организацијата за обука се овластени од националната воздухопловна власт за спроведување на обука на диспечери на лет;
- доказ дека обуката е завршена согласно Анекс 1, дел 4.6 на Меѓународната конвенција за цивилно воздухопловство и ICAO Doc 10106 - Manual on Flight Operations Officers/Flight Dispatchers Competency-based Training and Assessment;
- програма по која е завршена наведената обука, одобрена од националната воздухопловна власт и
- доказ за уплатен надоместок за признавање.

(3) Со барањето за признавање-валидација на дозвола и/или овластување на диспечер на лет стекнати во странство се доставуваат следните документи:

- важечки документ за идентификација (пасош);
- важечка дозвола и/или овластување на диспечер на лет во оригинал;
- доказ дека обуката е завршена согласно Анекс 1, дел 4.6 на Меѓународната конвенција за цивилно воздухопловство и ICAO Doc 10106 - Manual on Flight Operations Officers/Flight Dispatchers Competency-based Training and Assessment во организација или центар за обука на диспечери на лет овласен од националната воздухопловна власт за спроведување на обука на диспечери на лет;
- лекарско уверение за здравствена способност класа 4;
- потврда за познавање на англиски јазик согласно член 10 на овој правилник и
- доказ за уплатен надоместок за признавање согласно тарифникот на Агенцијата.

(4) Кандидатот за признавање-валидација на дозвола и/или овластување на диспечер на лет стекнати во странство полага испит по предметот воздухопловни правила и прописи.

(5) Државјанин на Република Северна Македонија или лице со постојан престој во Република Северна Македонија со барањето за признавање-конверзија на дозвола и/или овластување на диспечер на лет издадена во странство, за издавање на соодветна македонска дозвола и/или овластување за диспечер на лет се доставуваат следните документи:

- важечки документ за идентификација (пасош);
- државјанство на Република Северна Македонија или дозвола за постојан престој;
- важечка дозвола и/или овластување на диспечер на лет во оригинал;
- доказ дека обуката е завршена согласно Анекс 1, дел 4.6 на Меѓународната конвенција за цивилно воздухопловство и ICAO Doc 10106 - Manual on Flight

Operations Officers/Flight Dispatchers Competency-based Training and Assessment во организација или центар за обука на диспечери на лет овластен од националната воздухопловна власт за спроведување на обука на диспечери на лет;

- важечко лекарско уверение за здравствена способност класа 4;
- потврда за познавање на англиски јазик согласно член 10 на овој правилник и
- доказ за уплатен надоместок за признавање според тарифникот на Агенцијата.

(6) Кандидатот за признавање-конверзија на дозвола и/или овластување на диспечер на лет стекнати во странство полага теоретски и/или практичен дел од испитот за диференцијалните предмети односно задачи.

(7) Кога е поднесено барање за признавање на дозвола и/или овластување на диспечер на лет, Агенцијата може од воздухопловните власти кои ја издале дозволата и/или овластувањето да побара потврда за веродостојност на дозволата и за стандардите според кои е издадена.

(8) Агенцијата врши увид во доставената документација за исполнетост за критериумите за признавање на завршената обука, односно дозволи и овластувања стекнати во странство.

(9) Доколку се утврди дека се исполнети критериумите за признавање, Агенцијата донесува решение со кое се признава завршената обука, односно му се издава валидација на дозволата и/или овластувањето за диспечер на лет или му се издава македонска дозвола и/или овластување за диспечер на лет во зависност од тоа какво барање е поднесено.

(10) Доколку се утврди дека не се исполнети критериумите за признавање, Агенцијата со решение ќе го одбие барањето за признавање.

## VI. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### Член 34

(1) На постапките предвидени со овој правилник субсидијарно се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка, освен ако нешто друго не е утврдено со овој правилник.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, постапките за полагање на испити се завршуваат најдоцна во рок од три месеци од денот на нивното поведување.

(3) Рокот од став (2) на овој член почнува да тече од денот кога барателот ја поднел комплетната документација утврдена со овој правилник.

(4) Доказите за исполнетост на условите за добивање на уверение или признавање на обука согласно овој правилник може да бидат доставени и на англиски јазик.

(5) Со секое барање за издавање, продолжување, обновување или промена на уверението за вршење на обука на диспечери на лет, се плаќа административна такса и надоместок пропишан со Тарифникот на Агенцијата.

(6) Организациите или центрите за обука за диспечери на лет одобрени од страна на Агенцијата, плаќаат годишен надоместок за спроведување на континуиран надзор кој е пропишан со Тарифникот на Агенцијата.

(7) Со секое барање за издавање, продолжување, обнова, промена, замена на дозвола или овластување на диспечери на лет, барателите плаќаат административна такса и надоместок пропишан со Тарифникот на Агенцијата.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 35

(1) Важечките дозволи и/или овластувања за диспечер на лет кои се издадени согласно Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на персоналот кој врши работи во врска со утврдување на условите на летот и со постапките за подготвување на летот (flight dispatcher) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/11, 108/12 и 09/16) Агенцијата ги заменува со дозволи и/или овластувања согласно овој правилник во рок од месец дена од денот на влегување во сила на овој правилник.

(2) На имателите на дозволи и/или овластувања за диспечер на лет кои се издадени согласно Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на персоналот кој врши работи во врска со утврдување на условите на летот и со постапките за подготвување на летот (flight dispatcher) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/11, 108/12 и 09/16), а на кои им е истечена важноста не подолго од шест месеци, Агенцијата ќе им издаде нови согласно овој правилник доколку имаат завршено редовна проверка на стручност и компетентност согласно член 27 на овој правилник која следи по освежување на знаењата за одржување на компетентноста која се врши на работно место под надзор на инструктор на диспечери на лет во период од најмалку еден ден, каде кандидатот треба да набљудува (опсервира) извршување на работни активности на конкретни операции на летање.

### Член 36

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на персоналот кој врши работи во врска со утврдување на условите на летот и со постапките за подготвување на летот (flight dispatcher) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/11, 108/12 и 9/16).

### Член 37

Овој правилник влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-853/1
10 јули 2024 година
Скопје

Директор на Агенцијата
за цивилно воздухопловство,
**Драги Стојаноски,** с.р.

**ПРИЛОГ 1**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**
***REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA***
***CIVIL AVIATION AGENCY***

**УВЕРЕНИЕ ЗА РАБОТА**
***APPROVAL CERTIFICATE***

Ова уверение му се издава на/ *This certificate is issued to*:

Адреса/*Address:*

**Број/ *Number*:**

**MKD.DSP-TO.001**

**Агенцијата за цивилно воздухопловство потврдува дека горенаведената организација ги исполнува условите пропишани со Правилникот за диспечери на лет.**

*The Civil Aviation Agency confirms that the above named organization complies with the requirements prescribed in Regulation on Flight Dispatchers.*

Ова уверение, освен ако не биде суспендирано или повлечено, ќе остане во сила до:
*This certificate, unless suspended or revoked, shall continue in effect until:*

Датум на издавање/*Date of issue:* Потпис/ *Signature:*

Директор/*Director General*

ПРИЛОГ 2

**АНЕКС на Уверението MKD.DSP-TO.001**
***Annex to the Certificate MKD.DSP-TO.001***

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**
*REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA*
*CIVIL AVIATION AGENCY*

**ОДОБРЕНИЕ НА КУРСЕВИ НА ОРГАНИЗАЦИЈА/ЦЕНТАР ЗА ОБУКА НА ДИСПЕЧЕРИ НА ЛЕТ**
*APPROVAL OF COURSES OF THE TRAINNIG ORGANISATION/CENTER FOR FLIGHT DISPATCHERS*
**MKD.DSP-TO.001**

Согласно Правилникот за диспечери на лет и уверението за организација/центар за вршење на обука на диспечери на лет, Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија со ова ги одобрува следните курсеви:
*Pursuant to the Regulation on Flight Dispatchers and the Approval Certificate as Organization/Center for conducting training of the Flight Dispatchers, the Civil Aviation Agency of the Republic of North Macedonia hereby approves the following courses:*

**Курс**
*Course*
**Програма (Ревизија/дата)**
*Programme (Revision/date)*
**Забелешки**
*Remarks*

| |
|---|
| |

- **i. Основна теоретска обука за диспечер на лет**
  *Ab-initio training for flight dispatcher*
- **ii. Практична обука (обука на работно место) за диспечер на лет**
  *Practical (On-Job) training for flight dispatcher*
- **iii. Обука за обнова или реквалификација**
  Renewal or requalification training

*None*

| |
|---|
| |

Одобрените курсеви се важечки додека:
(а) одобрението не се врати, замени, ограничи, привремено одземе или повлече; и
(б) сите активности се вршат согласно Правилникот за диспечери на лет, други важечки национални прописи и по потреба согласно постапките во документацијата на организацијата како што се бара согласно Правилникот за диспечери на лет.

*The approved courses are valid as long as:*
*(a) the approval has not been surrendered, superseded, limited, suspended or revoked; and*
*(b) all activities are conducted in compliance with the Regulation on flight dispatchers, other applicable national requirements, and, when relevant, with the procedures in the organization's documentation as required by the Regulation on flight dispatchers.*

Датум на издавање / *Date of issue:*
**DD.MM.YYYY**

Потпис/ *Signature:*

Директор / *Director General*